# Еколошко-хуманитарна акција и математика

**НАСТАВНИЦИ РЕАЛИЗАТОРИ: ВЈОЛЦА АДЕМИ И СОЊА КРАЈЧЕСКА ОД ОУ „ЕДИНСТВО-БАШКИМИ-БИРЛИК“, ГОСТИВАР**

**Одделение и предмет**
Деветто одделение (20 ученици – 10 МАК и 10 АЛБ)
Математика

**Заедничка вонннаставна проектна задача во комбинација со редовна настава**

**Преглед на активноста**
**„Штетните влијанија од употребата на најлонски кеси“** е насловот на проектната задача на која работеа 20 ученици со мешан етнички состав. Тие меѓусебно се запознаа на првата работилница, а потоа продолжија со истражување за темата. Преку неделни средби и преку комуникација на Фејсбук (Facebook), тие ги разменуваа информациите од истражувањето и потоа заеднички одлучија за преземање на конкретна акција во својот град Гостивар, со која ќе се подигне свеста за одржлив развој на природата, а истовремено се осмисли и хуманитарна димензија на акцијата.
За да се влијае на намалување на употребата на најлонски кеси, учениците одлучија да изработат платнени торби што ќе ги продаваат по симболична цена, а собраните средства ќе ги донираат во Центарот за деца со посебни потреби. Исто така, тие одлучија да се дизајнира и леток, со кој граѓаните на општина Гостивар ќе бидат информирани за штетните влијанија од употребата на најлонски кеси.
При дизајнирањето на платнените торби се обработи наставната содржина од математика „Периметар и плоштина на триаголник и четриаголник“. Учениците пресметуваа како да состават различни геометриски форми, што ќе бидат делови од дизајнот на торбите. Се применуваа формулите за плоштина и обем на триаголник, правоаголник и квадрат. За изработка на торбите, училиштето им излезе во пресрет и обезбеди платно од кое учениците, работејќи во мешани групи, за време од 10 недели изработија 203 торби.
Следеше организација на промотивен настан во центарот на градот, со согласност на општината и локалната самоуправа, при што општината обезбеди изложбен штанд, а учениците изработија хамер на два јазици со порака за зачувување на животната средина. Учениците се подготвија и за начинот на кој ќе им пристапуваат на граѓаните за време на настанот. Тие одлучија во мешани парови (еден на македонски и еден на албански јазик) да им се обраќаат на граѓаните и да им објаснуваат зошто треба да купат платнена торба со која ќе се избегне употребата на најлонските кеси.
Акцијата на учениците беше медиумски покриена од страна на локалните медиуми во Гостивар. Учениците беа одлично прифатени од граѓаните и пофалени за нивната успешна работа. Незаборавните доживувања, убавата атмосфера и стекнатите пријателства што ќе продолжат и понатаму, беа впечатоците што ги споделија учениците за време на завршната рефлексија на активноста.




# Aksioni ekologjik -humanitar dhe matematika

**MËSIMDHËNËSIT REALIZUES: VJOLLCA ADEMI DHE SONJA KRAJÇEVSKA NGA SHF “EDINSTVO – BASHKIMI – BIRLIK”, GOSTIVAR**

**Klasa dhe lënda**
Klasa e nëntë(20 nxënës - 10 MAQ dhe 10 SHQ)
Matematikë

**Detyrë projektuese e përbashkët jashtëmësimore në kombinim me mësimin e rregullt**

**Pasqyra e aktivitetit**
**“Ndikimet e dëmshme nga përdorimi i qeseve të najlonit”** është titulli i detyrës projektuese, në të cilën punuan 20 nxënës me përbërje etnike të përzier. Ata u njohën njëri me tjetrin në punëtorinë e parë, ndërsa pastaj vazhduan me hulumtimin për temën. Përmes takimeve javore dhe përmes komunikimeve në Fejsbuk (Facebook), ata i shkëmbenin informacionet nga hulumtimi dhe pastaj bashkë vendosën për të ndërmarrë një aksion konkret në qytetin e tyre Gostivar, me të cilin do të shtohet vetëdija për zhvillim të qëndrueshëm të natyrës, e në të njëjtën kohë u mendua edhe dimensioni humanitar i aksionit.
Që të ndikohet në pakësimin e përdorimit të qeseve të najlonit, nxënësit vendosën të përgatisin strajca prej pëlhure, të cilat do t'i shesin me çmim simbolik, ndërsa mjetet e grumbulluara do t'i japin si donacion në Qendrën për Fëmijë me Nevoja të Veçanta. Gjithashtu, ata vendosën që të disenjohet edhe afishja, me të cilën qytetarët e komunës së Gostivarit do të jenë të informuar për ndikimet e dëmshme nga përdorimi i qeseve të najlonit.
Gjatë disenjimit të strajcave të pëlhurës u përpunua përmbajtja mësimore nga matematika “Perimetri dhe syprina e trekëndëshit dhe katërkëndëshit”. Nxënësit njehsuan se si të lidhen forma të ndryshme gjeometrike, që do të jenë pjesë e disenjit të strajcave. U aplikuan formulat për syprinën dhe vëllimin e trekëndëshit, të drejtkëndëshit dhe të katrorit. Për punimin e strajcave shkolla u doli në ndihmë dhe siguroi pëlhurë, prej së cilës nxënësit, duke punuar në grupe të përziera, për një kohë prej 10 javësh bënë gati 203 strajca.
Pasoi organizimi i ngjarjes promovuese në qendrën e qytetit, në pajtim me komunën dhe vetëqeverisjen lokale, me ç'rast komuna siguroi stendën ekspozuese, ndërsa nxënësit përgatitën hamer në dy gjuhë, me porosi për ruajtjen e mjedisit jetësor. Nxënësit u përgatitën edhe për mënyrën se si do të kontaktonin me qytetarët gjatë kohës së ngjarjes. Ata vendosën që në çifte të përziera (njëri në gjuhën maqedonase e tjetri në gjuhën shqipe) t'u drejtohen qytetarëve dhe t'u shpjegojnë se përse duhet të blejnë strajca të pëlhurës, me të cilën do të shmangej përdorimi i qeseve të najlonit.
Aksioni i nxënësve në aspektin medial ishte i mbuluar nga ana e mediave lokale në Gostivar. Nxënësit ishin pranuar shkëlqyeshëm nga qytetarët dhe ishin lavdëruar për punën e tyre të suksesshme. Përjetimet e paharrueshme, atmosfera e bukur dhe miqësitë e arritura, të cilat do të vazhdojnë edhe më tej, ishin përshtypje të cilat nxënësit i përndanë gjatë kohës së refleksionit përfundimtar të aktivitetit.




Through Innovation to a Better Integration

Festival of Innovative Practices
for Interethnic Integration in Education